ГРАЃАНСКИ НАДЗОР
НАД ЈАВНИТЕ
НАБАВКИ

СТУДИЈА НА СЛУЧАЈ

# ХОРИЗОНТАЛНА СИГНАЛИЗАЦИЈА НА УЛИЦИТЕ

# ЗАГРОЗЕНА БЕЗБЕДНОСТ ВО СООБРАЌАЈОТ



**На улиците во битолското градско подрачје има избледени пешачки премини, избришани полни линии и невидливи испрекинати линии. Оваа состојба, со помали или поголеми осцилации, е присутна со години. Граѓаните прашуваат каде затајуваат работите и зошто и покрај потрошените буџетски пари, улиците се несоодветно обележани со т.н. хоризонтална сигнализација.**

Битола, август 2024 (централно градско подрачје)

## Во што е проблемот?

Општина Битола има склучено договор со Јавното претпријатие за изградба и одржување на јавен простор за паркирање и уредување и организирање на јавен локален превоз на патници во Општина Битола (скратено: ЈП Паркинзи), за изведување и одржување хоризонтална сигнализација на улиците и патиштата на територијата на Општина Битола. Договорот попрецизно предвидува вградување бела боја: испрекината линија, стрелки, обележување велосипедски премин, шрафирање со бела боја и останати симболи, и со жолта боја: паркинг-место со натпис „TAXI“, стојалиште на автобус и паркинг-места со симбол за лица со посебни потреби. Во периодот кога беше спроведен граѓанскиот надзор, мај – август 2024 година, кога се направени и овие фотографии на кои се гледа бледа и несоодветна хоризонтална сигнализација, Општината и ЈП Паркинзи имале договор за оваа намена склучен на 23 јуни 2023 година, во вредност од 5 милиони денари, односно 81.300 евра. Според договорот, ЈП Паркинзи имал обврска, во период од 12 месеци, да направи прво обележување на целата територија на Општина Битола, а остатокот сукцесивно, до исцрпување на предвидените количини. Воедно, во договорот се вели дека доколку бојата го изгуби квалитетот пред утврдениот период (6 месеци), тогаш ЈП Паркинзи е должно да изврши дополнително обележување на утврдените места на свој трошок. Каде потфрлиле овие прецизно дадени насоки кои се вградени во договорот потпишан од двете страни?

# Што е откриено низ граѓанскиот надзор?

### Дали набавените 15.000 кг бела боја се нанесени на битолските улици?

Неколку дена по склучувањето на договорот со Општината, односно на 3 јули 2023 година, ЈП Паркинзи склучува договор со фирмата ЕУРО ВИЗИФ од Скопје за набавка на боја за одржување хоризонтална сигнализација. Вредноста на договорот изнесува 77.703 евра, односно 96 % од вредноста на парите што ЈП Паркинзи ги добило од Општина Битола за одржување на сигнализацијата. Иако овој тендер се состоел од 6 дела и теоретски секој дел можела да го добие различна фирма, сепак понудата на ЕУРО ВИЗИФ била оценета за најприфатлива во пет од шесте дела и од неа се купени бела боја и соодветен разредувач, жолта боја и соодветен разредувач, црвена и црна боја и соодветен разредувач, стаклен перлит, ладна пластика за патишта – бела, додека креп-лентите се набавени од ДИ КОМ ДООЕЛ. Во согласност со доставеното известување, договорот е реализиран и платен 85 %, односно во износ од околу 66.000 евра, од кои белата боја е набавена во целост и само таа чинела 54.000 евра, односно најголем дел од трошоците. Делот од договорот со фирмата ЕУРО ВИЗИФ што не е реализиран во целост е за набавка на ладна пластика за патишта, што и онака се користи во помали количини.

ЈП Паркинзи, освен трошоците за боја, имало и трошоци за набавка на машина за бележење на хоризонтална сигнализација. На 16 јуни 2023 година, претпријатието склучило договор со единствениот понудувач на тендерот, ФИРСТ-ИНГ Скопје, за набавка на машината за 48 илјади евра.

Произлегува дека, во периодот јуни 2023 – јули 2024 година, локалното претпријатие потрошило 114.000 евра за набавка на машина и за набавка на бои за една година, а од Општината добиле 81.300 евра. Притоа, цените што ЈП Паркинзи ѝ ги наплаќа на Општина Битола во согласност со „Одлуката за утврдување на цените за хоризонтално обележување на надолжна и напречна сообраќајна сигнализација“, која Советот на Општина Битола ја има усвоено пред да го склучи договор со ЈП Паркинзи (20 април 2023 година), се релативно високи. ЈП Паркинзи ѝ наплаќа на Општина Битола по 253 денари/м$^2$ обележана површина, без ДДВ, за потрошена боја и работна рака. За споредба, во согласност со податоците објавени на Електронскиот систем за јавни набавки, приватните фирми им наплаќаат на други општини за оваа услуга и по 140 денари/м$^2$ за бележење на хоризонтална сигнализација со бела боја.





Битола, август 2024 (централно градско подрачје)

## На што се должи неквалитетното бележење на хоризонталната сигнализација?



Битола, август 2024
(централно градско подрачје)

Во документите што ЈП Паркинзи ги објавило на Електронскиот систем за јавни набавки недостигаат информации за видот и потеклото на набавената машина за бележење и на бојата за бележење. Оттука, не може јасно да се посочи во кој дел од синџирот – од набавката на бои и машина, сè до извршување на работите за бележење и нивната исплата – се јавува недостатокот. Со оглед на тоа што јавното претпријатие нема своја веб-страница, не може да се направи ниту увид во годишните извештаи, за да се воочи дали е докрај испочитувана обврската – првото бележење на хоризонталната сигнализација да е направено на цела територија на градот, на што укажува фактот што е потрошена и платена целата количина на боја. Доколку е тоа направено, се отвора прашањето зошто тогаш улиците се необележани. Дали е проблемот во неквалитетно бележење? Ако е така, тогаш причините може да бидат: неквалитетна машина за бележење, некомпатибилна боја со претходно набавената машина, неквалитетна боја доколку само на хартија се побарани стандардите за квалитет на бојата, непочитување на стандардите според кои се врши хоризонтално бележење (нанесена поразредена боја, во еден слој, со недоволна густина итн.), непочитување на динамиката на бележење (само на ударни места, притоа запоставувајќи ги споредните локации), непрофесионален надзор, кој секако требало да даде забелешка за која било од горенаведените претпоставки, итн. Наодите од овој граѓански надзор сугерираат дека при следното склучување на ваков или сличен договор, ЈП Паркинзи и Општината треба да вградат поефикасни контролни механизми, особено поради тоа што на ваков начин се загрозува безбедноста на граѓаните во сообраќајот.

**Сите документи во врска со хоризонталната сигнализација на улиците на Битола се достапни на овој код:**



## Каде да пријавите корупција?

Доколку сметате дека има неправилности во некоја јавна набавка, можете да пријавите во Државната комисија за спречување на корупцијата на телефонот **(02) 3248 930**, преку испраќање електронска пошта на: contact@dksk.org.mk или по писмен пат, на следнава адреса:

**Државна комисија за спречување на корупцијата,**
**бул. „Пресвета Богородица“ бр. 3, 1000 Скопје.**

Изработката на оваа публикација е овозможена со поддршка на американскиот народ преку Агенцијата за меѓународен развој (УСАИД), а нејзината содржина е исклучиво одговорност на Центарот за граѓански комуникации и не може да се смета дека ги одразува ставовите на УСАИД или на Владата на Соединетите Држави.

USAID ОД АМЕРИКАНСКИОТ НАРОД

Center for Civil Communications
Центар за граѓански комуникации

МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА
МЦМС